**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 17 став 3) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16) и член 15 став (3) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на ** февруари 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за измена на Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија за регулиран период 2022-2024 година**

1. Во Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија за регулиран период 2022-2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 200/21) во точката 1 алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

- за 2023 година во износ од 35,32 ден/m³;
- за 2024 година во износ од 38,04 ден/m³.

2. Во точката 2 алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

- минималниот и максималниот опсег за 2023 година изнесува 3,12 %;
- минималниот и максималниот опсег за 2024 година изнесува 2,93 %.

3. Во точката 3 алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

- за 2023 година:
  - минимална просечна тарифа 34,22 ден/m³;
  - максимална просечна тарифа 36,42 ден/m³;
- за 2024 година:
  - минимална просечна тарифа 36,92 ден/m³;
  - максимална просечна тарифа 39,15 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга - ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија да ги исполни условите од Измената на Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 март 2023 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија, согласно член 17 став 3) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16) и член 15 став (3) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за измена на План за прилагодување по исклучок заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр. 08-501/22 од 25.11.2022 година (во натамошниот текст: Барање).

Со Барањето, ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија, побара поведување на постапка за измена за Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2022 - 2024 година, („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.200/21) пред истекот на периодот на кој се однесува решението за утврдување на тарифа.

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за регулираниот период :

| | **Ед.мерка** | **2023** | **2024** |
|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 11.520.717 | 11.735.367 |
| Амортизација | денари | 568.255 | 585.985 |
| Средства за ликвидност | денари | 62.258 | 63.426 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 0 | 0 |
| Принос на регулирани средства | денари | 362.590 | 363.881 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 12.513.820 | 12.748.660 |
| **Количина** | $m^3$ | 282.408 | 281.160 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 43,20 | 44,22 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 42,09 | 43,10 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 44,31 | 45,34 |

Регулаторната комисија за енергетика на 30 ноември 2022 година го објави Барањето на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и во дневните весници „Нова Македонија“ и “Коха“.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 8 февруари 2023 година на својата веб страница го објави Предлог Решението за изменување на решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија, за регулиран период 2022-2024 година и ги повика сите заинтересирани страни да достават свои сугестии, забелешки и предлози.

По објавеното Предлог Решение, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-**/1 од ** февруари 2023 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Решение за измена на решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија за регулиран период 2022-2024 година.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2022-2024 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| | **Ед.мерка** | **2023** | **2024** |
|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 9.302.252 | 10.003.288 |
| Амортизација | денари | 568.255 | 585.985 |
| Средства за ликвидност | денари | 51.165 | 54.766 |
| Новонабавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 389.000 | 391.000 |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 362.590 | 363.881 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 10.284.263 | 11.007.920 |
| **Количина** | $m^3$ | 282.408 | 281.160 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 35,32 | 38,04 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 34,22 | 36,92 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 36,42 | 39,15 |

По извршената анализа на реализираните оперативни трошоци во 2022 година и податоците од бизнис планот, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот период 2023 – 2024 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се прифатени согласно Барањето за 2023 година зголемени со инфлација и истите изнесуваат 3.826.535 денари за 2023 година и 4.170.924 денари за 2024 година;

2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства се прифатени согласно Барањето за 2023 година и на исто ниво се задржани и во 2024 година, истите изнесуваат 474.418 денари;

3. Трошоците за осигурување на градежни објекти и опрема се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат, 4.667 денари за 2023 година и 4.737 денари за 2024 година;

4. Трошоците за бруто плати се прифатени согласно Барањето за 2023 година зголемени со инфлација и истите изнесуваат 3.962.752 денари за 2023 година и 4.319.399 денари за 2024 година;

5. Трошоците за други услуги се прифатени согласно Барањето за 2023 година и на исто ниво се задржани и во 2024 година, истите изнесуваат 260.791 денари;

6.Останатите и вонредните трошоци се прифатени согласно Барањето за 2023 година и на исто ниво се задржани и во 2024 година, истите изнесуваат 748.364 денари;

7. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот на работењето се прифатени согласно Барањето за 2023 година и на исто ниво се задржани и во 2024 година, истите изнесуваат 24.725 денари.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,5% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 51.165 денари за 2023 година и 54.766 денари за 2024 година.

Испорачаната количина на вода е прифатена согласно податоците од Барањето, и истата изнесува 282.408 $m^3$ за 2023 година и 281.160 $m^3$ за 2024 година.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 35,32 ден/$m^3$ за 2023 година и 38,04 ден/$m^3$ за 2024 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 3,12% за 2023 година и 2,93% за 2024 година.

ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и средствата за ликвидност.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈПК БОШАВА Ц.О. Демир Капија да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**<u>ПРАВНА ПОУКА</u>**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16).

**УП1 бр. 08-501/22**

**** февруари 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**